MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2008 Бр. Q-1091/0

Бр. 12-2619/6
23.05.2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на седумнаесеттата седница на ДКСК одржана на ден 22.05.2019 година донесе:

## **Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2619/1 од 08.05.2019 година.

Предметот, со број 12-2619/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2619/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице од Велес, против лицето ------------ – Раководител во П.О на Министерството ---------- за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, сторени на ден 03.04.2019 година со користење на службено возило сопственост на ова Министерство за пренос на изборен материјал до изборен штаб на Политичката партија В-------- на улица ---------- во Велес.

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет ДКСК постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на дополнителни податоци, информации и документација од подносителот на пријавата.

На барањето на ДКСК бр. 12- 2619/3 од 17.05.2019 година, кај ДКСК , преку електронска пошта на ден 17.05.2019 година е примен одговор бр. 12-2619/4 од 20.05.2019 година од подносителот на пријавата со прилог дополнителни фотографии.

На сдумнаесеттата седница на ДКСК одржана на ден 22.05.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација – дополнителни фотографии, а со оглед на тоа што на истите нема ознаки и показатели за партиско делување, туку се фотографии на возилото од различни позиции и агли, ДКСК констатира дека наводите за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година не се потврдуваат по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk